СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. 21 од 2 февруари 2018 година

**295.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за класифицирани информации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр.08-762/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА**
**КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Член 1

Во Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 9/2004, 113/2007, 145/10, 80/12 и 41/14), во член 51 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„По исклучок на ставот 1 на овој член, постапката за безбедносна проверка од трет степен за лицата назначени во надзорните тела кои вршат надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, како и за ангажираните акредитирани национални и меѓународни технички експерти од тие тела, согласно со Законот за следење на комуникациите, трае еден месец од денот на поднесување на барањето.

По исклучок на ставот 1 од овој член, постапката за безбедносна проверка од втор степен за лицата пред засновање работен однос во Оперативно-техничката агенција, трае еден месец од денот на поднесување на барањето.“

Ставот 2 станува став 4.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.